# БИЗНИС ИНФОРМАТОР

HTTPS://OPSTINAKISELAVODA.GOV.MK/

## Општина Кисела Вода



## За општината

Општина Кисела Вода е една од општините кои го сочинуваат град Скопје. Општината се протега на површина од 46.86 км², зафаќа делови од Скопската котлина од десната страна на реката Вардар и е дел од Скопскиот Плански Регион со специфичен комбиниран состав на урбано – рурална општина (57% урбан дел – 26,69км² и 43% рурален дел – 20,17км²).
На територија на општината се наоѓа индустриска зона која е на многу мала оддалеченост (1.5км) од центарот на град Скопје, што е исклучително поволно за бизнис секторот

## Топ 3 дејности

Трите водечки дејности кој го потикнуваат развојот на економијата во Општина Кисела Вода се **градежништвото, трговијата и угостителството.** Во руралниот дел од општината застапено е земјоделството.

### Контакт за  за заинтересирани инвеститори.



## БИЗНИС ИНФОРМАТОР НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

*Развиен со поддршка на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите.*

### КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

За да обезбедиме лесна и брза комуникација, Општина Кисела Вода нуди директни контакт информации за сите заинтересирани инвеститори и бизниси. Овие контакти се наменети за дополнителни прашања, деловни соработки, како и за предлози и прашања од страна на бизнис заедницата. Официјалните лица во општината се достапни за да ви помогнат при сите административни и проектни процеси поврзани со бизнисите.



Контакт за дополнителни информации за заинтересирани инвеститори
Сите прашања поврзани со инвестиции во општината можете да ги добиете на овој контакт. Инвеститорите можат директно да се обратат до општината за информации за можностите за вложување и соработки.

Официјални контакт информации на одговорни службеници во општината
Бизнисите и инвеститорите можат да најдат информации за директна комуникација со одговорните лица во општината.

Контакт за предлози и прашања
Граѓаните и бизнисите кои имаат предлози или прашања поврзани со работата на општината, можат да поднесуваат барања, предлози или иницијативи до градоначалникот.

### Клучни информации за поддршка на бизнисите преку конкретни услуги или иницијативи

Општина Кисела Вода нуди широк спектар на дигитални и административни услуги за поддршка на бизнисите.

**КЛУЧНИ УСЛУГИ**

- Е-услуги – овозможуваат електронски пристап до административни и регулаторни процеси, како аплицирање за дозволи и други услуги.
- ГИС портал на Општина Кисела Вода – овозможува просторни податоци и планови на општината, достапни онлајн.
- Јавна огласна табла – редовно објавување на информации и можности за бизнисите.
- Формулари и жиро-сметки – за брзо и ефикасно завршување на административните задачи за бизнисите, како што се пријави, дозволи и плаќања.
- Буџетски програми – Бизнисите можат да добијат информации за алокацијата на средства и приоритетите на општината, што може да биде корисно при планирање на инвестиции и учество во локални проекти.

Преку е-услугите, бизнисите имаат електронски пристап до административни процеси како аплицирање за дозволи, додека ГИС порталот обезбедува просторни податоци и урбанистички планови. Јавната огласна табла редовно објавува информации за можности и важни известувања. Дополнително, преку порталот за формулари и жиро-сметки, бизнисите брзо и ефикасно ги завршуваат административните задачи, а буџетските програми обезбедуваат информации за алокацијата на средства и приоритетите на општината.

## ЛИСТА НА Е-УСЛУГИ ПРЕКУ ПОРТАЛОТ

Општина Кисела Вода нуди широк спектар на е-услуги преку својот портал **euslugi.opstinakiselavoda.gov.mk**, кои овозможуваат лесен и дигитален пристап до различни административни процеси. За пристап до е-услугите потребно е најава во системот.




Клучните услуги вклучуваат иницијативи за поведување инспекциски постапки, издавање потврди за усогласеност со стратегија за локален економски развој, дозволи за раскопување на улици, потврди за карактер на земјиште и дозволи за користење на јавни површини. Дополнително, корисниците можат да поднесуваат барања за пристап до информации од јавен карактер и да се пријават во регистраторот на физички лица кои вршат угостителска дејност.

- Иницијатива за поведување инспекциска постапка
- Издавање потврда за усогласеност со стратегија за локален економски развој
- Барање за издавање одобрение за раскопување на улица коловоз јавна или зелена површина
- Барање за издавање уверение за карактер на земјиште
- Барање за потврда дека земјоделското земјиште се обработува
- Дозвола за користење на јавно прометни површини
- Пријавување на проблем
- Барање за издавање на потврда за складирање, третман/ или преработка на отпад
- Барање за пристап до информации од јавен карактер
- Барање за упис во регистраторот на физички лица кои вршат угостителска дејност

## ОПИС НА ДЕЛОВНАТА ОКОЛИНА НА ОПШТИНАТА

Општина Кисела Вода е една од општините кои го сочинуваат град Скопје. Општината се протега на површина од 46.86 км$^2$, зафаќа делови од Скопската котлина од десната страна на реката Вардар и е дел од Скопскиот Плански Регион со специфичен комбиниран состав на урбано – рурална општина (57% урбан дел – 26,69км$^2$ и 43% рурален дел – 20,17км$^2$). Во состав на општината се наоѓаат 11 населени места, од кои две населени места се рурални: Населеното место Драчево[1] (кое се состои од Драчево 1 со 1.22км$^2$ кое е урбано населено место и село Драчево или Драчево 2 со 14.77км$^2$ кое е рурално населено место)[1] и Усје[1] (со површина од 5.4км$^2$)[1]. На територија на ОКВ се наоѓа индустриска зона која е на многу мала оддалеченост (1.5км) од центарот на град Скопје, што е исклучително поволно за бизнис секторот:

Трите водечки дејности кој го поттикнуваат развојот на економијата во Општина Кисела Вода се градежништвото, трговијата и угостителството. Во руралниот дел од општината застапено е земјоделството.

Во последните години постои тренд на зголемување кај бројот на средните деловни субјекти и кај големите деловни субјекти. Најголемо зголемување има на бројот на деловни субјекти во секторот Стручни, научни и технички дејности. Економскиот развој анализиран со податоците за големината и структурата на деловните субјекти има позитивен тренд затоа што се зголемува учеството на средните и големите претпријатија и се зголемува учеството на деловни субјекти во секторите кои вработуваат по висококвалификувани работници и креираат поголема додадена вредност.



## ЛИСТА НА СТРАТЕГИСКИ ДОКУМЕНТИ

Стратегија за локален економски развој на општина Кисела Вода 2023-2026 - Овој документ ја поставува рамката за економскиот развој на општината во следните три години, со јасни цели и приоритети за зголемување на локалниот економски потенцијал.

Програма за енергетска ефикасност 2024 – 2026 - Програмата се фокусира на подобрување на енергетската ефикасност и намалување на потрошувачката на енергија во јавните и приватните сектори на територијата на општината.

Локален Еколошки Акционен План 2022 – 2028 - Овој акциски план ги дефинира мерките и стратегиите за заштита на животната средина и одржлив развој на општината во период од шест години.

Локална Стратегија за млади 2024 - Оваа стратегија обезбедува насоки за поддршка и развој на младите во општината преку програми за образование, вработување и социјална инклузија.

## КОРИСНИ ЛИНКОВИ

Линковите обезбедуваат информации за релевантни национални и регионални институции кои можат да бидат корисни за бизнисите во Општина Кисела Вода за регистрација на компании, јавни набавки, како и други значајни ресурси што ги поддржуваат локалните бизниси

Централен регистар на РСМ – обезбедува информации за регистрација на компании и други правни субјекти

Биро за јавни набавки – нуди информации за процесите на јавни набавки и објави на тендери. Биро за јавни набавки и е-набавки

Влада на РСМ – официјалниот портал на Владата на Република Северна Македонија, со информации за државни политики и иницијативи.

ЕНЕР – Национален портал за регулативи и јавни консултации за енергетската политика и други значајни теми.

ИПАРД програми – обезбедува информации за програмите за рурален развој и можностите за финансиска поддршка преку ИПАРД фондовите.